Врз основа на член 41 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и донесената Одлука на 179-та седница на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје, одржана на 24.08.2021 година, за свикување на 57-та седница на Собранието на акционери, Одборот на директори на

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, СКОПЈЕ**

**Објавува**

**П О В И К**
**до акционерите за учество на Собрание на акционери на Друштвото**

Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје ќе се одржи на ден 01.12.2021 година (среда) со почеток во 10,00 часот во седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје, бул.„8-ми Септември" бр.16 со следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**I. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач на Собранието и
2. Избор на бројач на гласови.

**II. Работен дел:**

1. Донесување на Одлука за избор на член на Одборот на директори.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество) најдоцна пред почетокот на Седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се достават на адреса бул.„8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје, до Службата за правни и корпоративни работи. Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието на еден од следниве начини:

- со потпишување на писмено полномошно заверено на нотар;
- со давање на полномошно во писмена форма, без обврска да се завери полномошното на нотар, при што акционерот е должен писмено да го извести Друштвото за даденото полномошно и да достави доказ за неговиот личен идентитет. Обрасците за давање на полномошно во писмена форма се достапни за преземање на интернет страницата на Друштвото;
- со овластување на полномошниците по електронски пат на следната електронска адреса: osig@triglav.mk.

Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред, најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот. Постапката за предлагање на нови точки на дневен ред, предлагање на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред и начинот на поставување на прашања за точките од дневниот ред се објавени на интернет страницата на Друштвото.

Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 30.11.2021 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Образецот за гласање со коресподенција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.

Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Друштвото се достапни на акционерите од денот на објавување на повикот, секој работен ден од 09-14 часот на приемната рецепција на прв кат во деловната зграда ХИПЕРИУМ, на бул. .„8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје и на интернет страницата на друштвото: www.triglav.mk.

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД,
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 290/2020 и 215/21) и член 39 став 1 точка 3 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје на својата 57-ма седница одржана на ден 01.12.2021 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на член на Одборот на директори

**Член 1**

За независен неизвршен член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје се реизбира г-дин Матеј Ферлан, по професија магистер по бизнис администрација (МБА).

**Член 2**

Мандатот на новоизбраниот член на Одборот на директори трае четири години, почнувајќи од 05.12.2021 година.

**Член 3**

Останатите членови на Одборот на директори ја продолжуваат својата работа во Одборот на директори со постојниот мандат.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕДСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

______________________